# Програма за е-учење

# Краток преглед на Царинскиот закон на Унијата (ЦЗУ)

## Поенти на курсот

Ајде да повториме што научивме во овој модул за краток преглед.

## 1. Учебни цели

На крајот на овој 105-минутен курс, ќе ги имате научено:

- Царинскиот закон на Унијата (ЦЗУ);
- различните законски акти на пакетот на ЦЗУ: Делегиран акт (ДА), Акт за имплементирање (АИ), Транзициски делегиран акт (ТДА) и Работната програма;
- рамката на ЦЗУ и нејзините главни постапки и правила;
- позитивното влијание на ЦЗУ врз секојдневните активности на царинските службеници и економските оператори;
- временските распореди на Работната програма.

## 2. Што е ЦЗУ?

Царинскиот закон на Унијата (ЦЗУ):

- ги прави задолжителни електронските трансакции;
- ги прави пефективни царинските процеси ширум ЕУ низ сите царински администрации на земјите-членки;
- спроведува електронски комуникации помеѓу царинските власти и со економските оператори и Европската комисија.

ЦЗУ е придружен од неговиот Делегиран акт (ДА) и неговиот Акт за имплементација (АИ).

Почнувајќи од мај 2016 година, ЦЗУ стана применлив, сепак, неговата целосна имплементација е неразделно поврзана со развојот на ИТ системите за поддршка. Транзицискиот делегиран акт (ТДА) опишува како да се спроведе овој транзициски период што ќе трае до 2025 година.

Програмата за работа на ЦЗУ поставува опширен план за имплементација на електронските системи, засновани на ПГСП-Ц, со цел да се обезбеди точна примена на ЦЗУ.

Европската Комисија разви Бизнис процес модели (БПМ) во тесна соработка со експерти од земјите-членки, со цел да ги покаже процесните барања што произлегуваат од ЦЗУ, ДА и АИ. Кон овие БПМ се пристапува по барање.

# 3. ЦЗУ – главни постапки и придобивки

## 3.1 Царински постапки и царински декларации

Царински постапки се: пуштање во слободен промет, посебни постапки и извоз.

Кога еден економски оператор сака да стави стока под една од овие постапки од ЦЗУ, тој составува царинска декларација, која последователно активира царински процеси, како што е пресметка на давачки. Царинските декларации се поднесуваат електронски. **Придобивките** од ЦЗУ за **царинските службеници**, во врска со царинските постапки и царинските декларации, се:

- Хармонизација на податоците во царинската декларација
- Известување за ставање на увид
- Делегирање задачи на трговците

**Придобивките** од ЦЗУ за **економските оператори**, во врска со царинските постапки и царинските декларации, се:

- Поедноставените царински декларации му овозможуваат на трговецот да ја забрза логистиката
- Некои од деталите и/или придружните документи на царинската декларација може да бидат изоставени за време на царинењето
- Стандардната декларација дозволува ставање на стоката на увид во просториите на економскиот оператор, во неговиот сопствен електронски систем.
- Само-оценувањето им овозможува на трговците да го утврдуваат износот кој се должи за увозни и извозни давачки
- Потребни се помалку податоци за поднесување барање за царинење на стоката со ВВЕД
- Централизирано царинење и ВВЕД за веродостојни економски оператори
- Царинските декларации се внесуваат електронски
- Намалување на административните оптоварувања
- Побрзо царинење
- Хармонизација на податоците
- Известување за ставање на увид

## 3.2 Внесување на стоката и привремено складирање

Влез на стока се однесува на влезот на стока во царинското подрачје на Унијата.

Кога стоката ќе пристигне во царинското подрачје на Унијата, економските оператори треба да ги обезбедат неопходните информации во електронската Влезна збирна декларација (ВЗД). Им овозможува на царинските органи да извршат електронска

анализа на ризикот заради сигурносни и безбедносни цели и да спроведат какви било неопходни контроли засновани на ризик.

Сета странска стока мора да се стави во привремено складирање од моментот на нејзината презентација пред царината до моментот на нивното поставување под царинска постапка или нивниот повторен извоз.

Додека стоката е во привремено складирање, носителот на стоката и натаму има пристап до истата.

**Придобивките** од ЦЗУ за **царинските службеници**, во врска со влезот на стока и привремено складирање, се:

- Подобрено управување со ризици поврзани со надворешните граници на Унијата во областа на сигурност и безбедност
- Зголемен квалитет на податоци
- Ја подобрува соработката со другите царински органи во спроведувањето анализи на ризикот
- Подобра контрола на координацијата во синџирот на набавка
- Зголемена соработка со други владини агенции и институции одговорни за контролирање на границите
- Дополнителен слој на воздухопловна безбедност кај воздушниот транспорт преку воведување Обезбедување информации за прелиминарен утовар на авионски товар (ОИПУАТ)
- Полесно следење преку зголемување на ефективноста на максималното времетраење за привремено складирање на 90 дена

**Придобивките** од ЦЗУ за **економските оператори**, во врска со влезот на стока и привремено складирање, се:

- Повеќекратното поднесување го олеснува доставувањето на датумот на ВЗД до царината
- Можност да се избере помеѓу поднесување на целосната ВЗД во еден пакет или во различни пакети податоци и од страна на различни чинители
- ВЗД се обезбедува порано во режимот на воздушен транспорт и синџирот на набавка не се нарушува значајно во случај на мерки за ублажување на ризикот преземени од царината
- Поедноставна царинска постапка со продолжено/поефикасно максимално времетраење
- Дозволено е подолго потенцијално одложување за ставање на стоката во царинска постапка
- Дозволено е одложување на плаќањето на царинските давачки
- Полесна логистика како резултат на ставањето стоки под привремено сместување без поднесување транзитна декларација

## 3.3 Пуштање во слободен промет

Странска стока која е наменета да биде продадена во Унијата или наменета за лична употреба или користење во царинското подрачје на Унијата се става во царинска постапка за пуштање во слободен промет.

**Придобивките** од ЦЗУ за **царинските службеници**, во врска со пуштањето во слободен промет, се:

- Електронската царинска декларација ја олеснува обработката на декларациите;
- Побрз процес за верификување на декларацијата

**Придобивките** од ЦЗУ за **економските оператори**, во врска со пуштањето во слободен промет, се:

- Електронската царинска декларација ги намалува административните оптоварувања и го забрзува процесот на поднесување царинска декларација
- Поедноставувањата поврзани со само-оценувањето, централизираното царинење и Внес во евиденција на декларантот (ВВЕД) ги намалуваат административните оптоварувања

## 3.4 Задолжителна тарифна информација

Концептот на ЗТИ е наменет да обезбеди униформна примена на царинското законодавство, а особено распоредување на стоки.

ЗТИ е одлука што ја издаваат органите во земјите-членки на барање на економските оператори, и се здобиваат со правна сигурност во однос на тарифното распоредување на своите стоки. Ова е значајно бидејќи тарифното распоредување е основа за определување на царинските давачки, извозните субвенции и за примена на било која друга царинска давачка (како на пример антидампинг давачка).

Одлуката за ЗТИ е задолжителна за сите земји-членки како и за имателот.

Одлуката за ЗТИ може да се примени во царинските постапки. Бидејќи е задолжителна за имателот, ЗТИ се декларира во царинската декларација.

**Придобивките** од ЦЗУ за **царинските службеници**, во врска со ЗТИ, се:

- Блиското следење се одвива на централно ниво и се постигнува преку обработка на повеќе податоци од надзор
- Се осигурува подобра контрола на важечки и неважечки ЗТИ
- Одлуката за ЗТИ е обврзувачка за носителот
- ЕЗТИ системот ги олеснува консултациите помеѓу царинските органи, кои се однесуваат на одобрување и последователно управување со овластувања за ЗТИ
- Одлуките за ЗТИ, кои се издадени од националните царински органи, се внесуваат во базата на податоци на Европската задолжителна тарифна информација (ЕЗТИ систем)

**Придобивките** од ЦЗУ за **економските оператори**, во врска со ЗТИ, се:

- Поефикасни и хомогенизирани постапки за обработка на ЗТИ како царинска одлука.
- Правна сигурност во поглед на тарифно распоредување
- Се осигурува еднаков третман на сите економски оператори
- Поредовна ревизија бидејќи рокот за ЗТИ е пократок
- Царинскиот портал за трговци на ЕУ за ЗТИ овозможува електронска обработка и електронско чување на апликациите и овластувањата за ЗТИ
- Царинскиот портал за трговци на ЕУ за ЗТИ овозможува аплицирање за ЗТИ и управување со одлуки за ЗТИ преку единствен интерфејс хармонизиран ширум ЕУ

## 3.5 Потекло на стока

Потекло претставува економската националност на стоката. Постојат два вида на потекло: непреференцијално и преференцијално. Царинскиот третман на стоката при увоз е определен од потеклото што го има.

Непреференцијално потекло се користи за одредување на потеклото на производите што се предмет на сите видови мерки или тарифни квоти.

Преференцијалното потекло обезбедува одредени царински придобивки за стоки со кои се тргува меѓу државите што се согласиле со таквиот аранжман (реципрочни) или кога едната страна (унилатерално) ги доделува автономно. Придобивките обично вклучуваат царинење со намалена стапка или без царина.

Иако сите стоки секогаш имаат непреференцијално потекло, исто така, можат да имаат преференцијално потекло ако постои преференцијален аранжман. Потеклото може да се додели на целосно добиени производи или преработени производи.

Со цел да се потврди статусот на потеклото од страна на царинскиот орган, се воспоставуваат процедури за административна соработка меѓу земјите-партнери што тргуваат меѓу себе.

**Придобивките** од ЦЗУ за **царинските службеници**, во врска со потеклото на стоката, се:

- Законодавството е поефективно затоа што одредбите надвор од законот се интегрирани во ЦЗУ
- Одлуката за ЗИП е обврзувачка за носителот
- ЦЗУ ја зголемува листата на производи под преференцијални правила за утврдување на потеклото и ги поедноставува административните барања.
- Поширокста примена на обврзувачките правила за непреференцијално потекло во ДА го олеснува утврдувањето на потеклото
- Можноста за усвојување специфични утврдувања на потекло на стока случај по случај осигурува еднолична примена на законодавството на ЕУ во сите земји-членки
- Поширокста употреба на само-сертифицирањето на преференцијално потекло од страна на извозниците ја намалува работата на царината

**Придобивките** од ЦЗУ за **економските оператори**, во врска со потеклото на стоката, се:

- Поефикасни и хомогенизирани постапки за обработка на ЗИП како царинска одлука.
- Пошироката примена на обврзувачките правила за непреференцијално потекло во ДА овозможуваат правна сигурност
- Немањето правила за форматот на доказот за непреференцијално потекло (освен за одредени производи) овозможува поголема флексибилност
- Се осигурува еднаков третман на економските оператори
- Се осигурува еднаков третман на економските оператори бидејќи ЗИП е обврзувачка за носителот

## 3.6 Царинска вредност

Царинска вредност е процес за утврдување на царинската вредност на стоката. Царинската вредност е основа за пресметување на царинската давачка („ad valorem" давачка) и ДДВ износот за увезената стока, како и за разработување на трговската статистика.

Законодавството за вредност се заснова на одредбите од Договорот за вредност на Светската трговска организација (СТО), обврзувачки за сите членки на СТО.

Кога некоја пратка на стока се увезува однадвор од ЕУ, економскиот оператор на царинските органи им поднесува детали за нејзината вредност директно во увозната декларација. Декларацијата на вредноста се заснова на Заедничката царинска тарифа (ЗЦТ) и се поднесува само ако вредноста на стоката надминува 20.000,00 евра.

**Придобивките** од ЦЗУ за **царинските службеници**, во врска со царинската вредност, се:

- Царинењето е поефикасно со укинувањето на хартиениот документ ДВ1 (Декларација за вредност) и вклучувањето на податоците за главната вредност во електронската царинска декларација
- Законодавството е разјаснето и хармонизирано, што води кон намалување на административните оптоварувања
- Има помалку спорови и помалку ризици од носење различни одлуки за слични случаи

**Придобивките** од ЦЗУ за **царинските оператори**, во врска со царинската вредност, се:

- Елементите од декларацијата за вредност (ДВ1) директно се внесуваат во царинската декларација
- Трговијата се олеснува и административните оптоварувања се намалуваат со продолжувањето на „овластувањето за поедноставување на утврдувањето на царинската вредност", со што се овозможува утврдувањето да се врши на основа на специфични критериуми

- Поширока можност да се добие овластување за поедноставувања во поглед на елементите на вкупната вредност во моментот кога се поднесуваат царинските декларации
- Разјаснувањето и сигурноста резултираат со еднаков третман за сите
- Прагот за царинска декларација со детални податоци е зголемен на 20.000,00 евра

## 3.7 Царински статус на стоката

„Царинскиот статус" се однесува на статус на стока што е „домашна стока" или „странска стока".

Домашна стока е или: (а) стока целосно добиена на царинското подрачје на Европската Унија; (б) донесена во царинското подрачје на Унијата и пуштена во слободен промет; и (в) стока добиена или произведена во царинското подрачје на Унијата, користејќи само стока од горенаведените категории на стока.

Странската стока: е сета стока освен домашната: (а) не е целосно добиена во царинското подрачје на Унијата; (б) влезена е во царинското подрачје на Унијата од друга земја или територија и не е пуштена во слободен промет; и (в) го изгубила својот статус на домашна стока.

**Придобивките** од ЦЗУ за **царинските службеници**, во врска со царинскиот статус на стоката, се:

- Електронскиот ДСУ ги олеснува и подобрува управувањето и контролата
- Административните оптоварувања се намалуваат

**Придобивките** од ЦЗУ за **економските оператори**, во врска со царинскиот статус на стоката, се:

- Електронскиот ДСУ ги намалува административните оптоварувања
- Со станувањето овластен издавач се заштедува време и напор

## 3.8 Царински долг

Царински долг се однесува на обврската на лицето да го плати износот на увозни или извозни давачки што важи за одредени стоки според важечката царинска легислатива.

Царинскиот долг може да настане или заради сообразност, преку пуштање во слободен промет или привремен увоз, или преку несообразност.

**Придобивките** од ЦЗУ за **царинските службеници**, во врска со царинскиот долг, се:

- Правилата за настанување на нередовен царински долг се поедноставуваат
- Постои основно правило според кое се одредува износот на увозните или извозните давачки
- Секое лице кое ги обезбедува информациите за изготвување на царинската декларацијата и кое знаело, или разумно би требало да знае, дека овие информации се невистинити, исто така ќе се смета за должник и ќе биде одговорно за царинскиот долг

- Настанувањето на царински долг поради несообразност е консолидирано и правилата се порамнети

**Придобивките** од ЦЗУ за **економските оператори**, во врска со царинскиот долг, се:

- Грешките кои доведуваат до настанување на нередовен царински долг може да се коригираат во поголем број на случаи
- Царинскиот долг може да се подмири во поголем број случаи

## 3.9 Гаранција

Гаранцијата е финансиско покритие за царинските давачки и останатите давачки што се привремено одложени. Се бара за давачки што може да настанат или кои настанале (на пример, пуштање во слободен промет)

Гаранцијата е потребно да биде обезбедена во моментот на поднесување на царинската декларација за таа конкретна (царинска) постапка.

**Придобивките** од ЦЗУ за **царинските службеници**, во врска со гаранциите, се:

- Гаранциите се следат со помош на централниот систем за управување со гаранции
- Точноста, едноличноста и подобреното следење на гаранциите се уште посигурни бидејќи се извршуваат електронски

**Придобивките** од ЦЗУ за **економските оператори**, во врска со гаранциите, се:

- Продолжувањето на апликацијата за привремена гаранција обезбедува еднаков третман на економските оператори
- ОЕОЦ може да аплицира за овластување за општа гаранција со намален износ
- Акредитирањето жирант може да се изврши од страна на царински орган, со што се поедноставува процесот
- За акредитирање жирант за кредитни институции, финансиски институции и компании за осигурување не е неопходно одобрение од царинските органи

## 3.10 Посебни постапки различни од транзит

Царинскиот закон на Унијата (ЦЗУ) предвидува некои посебни постапки со цел да се промовира меѓународната конкурентност и да се подобрат можностите за извоз.

ЦЗУ разликува 4 видови на посебни постапки како што се:

- Транзит: внатрешен и надворешен транзит;
- Складирање: царинско складирање и слободна зона;
- Посебна употреба: привремено сместување и крајна употреба;
- Обработка: увоз и извоз за облагородување.

**Придобивките** од ЦЗУ за **царинските службеници**, во врска со посебните постапки различни од транзит, се:

- Поедноставувањето и порамнувањето на посебните постапки за царински одлуки го олеснуваат управувањето со сите различни типови на посебни постапки
- Овластувањата за посебни постапки полесно се управуваат и следат поради тоа што се порамнети со другите царински одлуки
- Сите стоки поставени според посебни постапки се покриени со гаранција за да се осигура еднаков третман во сите земји-членки
- ИТ алатките ја поддржуваат точната примена на постапките за овластувања и обработка
- Полесни и точни електронски пресметки на износот на увозните давачки
- Се осигурува хармонизиран пристап ширум сите земји-членки преку испитување на економските услови на ниво на Унијата
- Бројот на типови на царински складови е намален
- Постои само еден тип на слободна зона
- Крајната употреба е призната како посебна постапка и хоризонталните одредби кои се однесуваат на посебните постапки се применливи за крајна употреба

**Придобивките** од ЦЗУ за **економските оператори**, во врска со посебните постапки различни од транзит, се:

- За вообичаените форми на обработка, никаде не е потребно овластување.
- Стандардната размена на информации (ИНФ) за постапките за обработка се одвива по електронски пат.
- Компјутеризацијата и автоматизацијата на посебните постапки ја намалуваат потребата од хартиени документи и ја забрзуваат логистиката.
- Постојат зголемени можности за спроведување деловни активности преку проширување на опсегот на еквивалентни стоки.
- Зголемени се правната сигурност и транспарентноста
- Еднаков третман кој доаѓа со тоа што испитувањата на економските услови се вршат на ниво на Унијата

## 3.11 Царински транзит

Царински транзитот е еден од четирите категории на специјални постапки. Тоа е царинска постапка која се користи за да се олесни движењето на стока помеѓу две точки во царинска територија, преку друго царинско подрачје, или помеѓу две или повеќе царински подрачја.

Најчесто користени и најслични транзитни движења се постапките за транзит на Унијата и Заедничките транзитни постапки, кои се применуваат на следниве начини:

- Во НКТС систем - главно за патен транспорт;
- Во хартиена форма за железнички, морски или воздушен транспорт за овластени економски оператори;
- Со користење на електронски манифест за морски или воздушен транспорт за овластени економски оператори.

**Придобивките** од ЦЗУ за **царинските службеници**, во врска со транзит, се:

- Употребата на електронскиот транспортен документ ја олеснува верификацијата од страна на царината
- Полесно верификување и контрола за транзит на чувствителна стока

**Придобивките** од ЦЗУ за **економските оператори**, во врска со транзит, се:

- Воведената електронска евиденција и поефикасните постапки ги намалуваат административните оптоварувања
- Електронскиот транспортен документ, како транзитна декларација, ги рационализира постапките за транзит
- Полесна логистика при ставање стоки под привремено сместување без поднесување транзитна декларација
- Правилата за чувствителна стока се хармонизирани и подобро разбрани
- НКТС системот применува нормални правила за чувствителна стока: минерално масло, цигари и алкохол, со што се олеснува постапката

## 3.12 Извоз

Економскиот оператор може да ја изнесе стоката надвор од царинското подрачје на Унијата преку четири постапки:

- Извоз,
- Повторен извоз,
- Повторен извоз од слободни зони и привремено сместување, и
- Извоз следен од транзит

ЦЗУ исто така ги олеснува следниве посебни случаи поврзани со извозни и излезни формалности: акцизни стоки, поделени пратки, испитна постапка и пренамена.

**Придобивките** од ЦЗУ за **царинските службеници**, во врска со извозот, се:

- Големата достапност на системот ја олеснува обработката на декларациите и го забрзува процесот
- Поделените пратки се обработуваат електронски во АСИ
- Со ЦЗУ, јасно се дефинира „сценариото за извоз проследен со внатрешен транзит"

**Придобивките** од ЦЗУ за **економските оператори**, во врска со извозот, се:

- Електронскиот систем ги намалува административните оптоварувања, овозможува побрза логистика и го забрзува процесот на поднесување царинска декларација
- Централизираното царинење и ВВЕД се поедноставени
- Зголемената употреба на целосно автоматизирани електронски системи го намалува бројот на отворени движења

## 3.13 Царински одлуки

Според ЦЗУ, „одлука" се дефинира како кој било акт на царинските власти кој се однесува на:

- царинско законодавство според кое се одлучува за одреден случај; и
- имањето правен ефект врз засегнатото лице или лица.

**Придобивките** од ЦЗУ за **царинските службеници**, во врска со царинските одлуки, се:

- ЦЗУ е генерално применлив кај сите царински одлуки и ги пополнува сите празнини во „животниот циклус" на една одлука (освен кај специјалните случаи)
- Хармонизацијата на правилата и процесите, во тандем со компјутеризацијатаги прават управувањето и следењето на царинските одлуки многу поефикасни
- CDS ги стандардизира процесите поврзани со апликацијата за царинска одлука, носењето одлуки и управувањето со одлуки преку електронско управување со апликации и овластувања
- Испитувањето на економските услови се извршува на ниво на Унијата, со што се намалува работата на националните царински управи и, како и транспарентноста и конзистентноста кои резултираат од тоа
- CDS ги олеснува консултациите помеѓу царинските органи, кои се однесуваат на одобрување и последователно управување со царинските одлуки

**Придобивките** од ЦЗУ за **економските оператори**, во врска со царинските одлуки, се:

- Правилата за царинските декларации се хармонизирани
- Царинските одлуки, кои се носат по аплицирањето, следат постапка од 2 чекори: примање апликација и донесување одлука
- CDS ја овозможува способноста електронски да се пристапува до сите податоци за овластувања и да се врши автентикација преку единствен интерфејс ширум Унијата (UUM&DS)
- Можност за практикување на правото да се биде ислушан, за што постојат поставени временски ограничувања за царината
- Можност за практикување на правото на жалба
- Испитувањето на економските услови се врши на ниво на Унијата, што води до повисок степен на конзистентност

## 3.14 Овластен економски оператор

Овластен економски оператор претставува економски оператор што се докажал како сигурен оператор со понизок ризик. Затоа, ним им се одобруваат одредени бенефиции од страна на царинските власти пред другите економски оператори. Како резултат на тоа, OEO имаат помалку административни оптоварувања и може да ја забрзаат својата логистика.

OEO одобренијата се даваат во согласност со унифицирани критериуми и тие се признаени во сите земји членки.

**Придобивките** од ЦЗУ за **царинските службеници**, во врска со концептот за OEO, се:

- Постапките за OEO се порамнети со другите царински одлуки
- Процесите за OEO се интегрирани и поефективни
- Лесно следење и управување

- Хармонизацијата на правилата и процесите за ОЕО, во тандем со компјутеризацијата, ќе ги направат управувањето и следењето многу поефикасни за царинските службеници
- Стандардите за сигурност и безбедност се исполнуваат преку изречно барање за лице одговорно за безбедносна политика во компанијата

**Придобивките** од ЦЗУ за **економските оператори**, во врска со концептот за ОЕО, се:

- Постапката за аплицирање за овластување за ОЕО е порамнета со другите овластувања според царинските одлуки и следи пристап од 2 чекори за одобрување овластување за ОЕО (прием на апликацијата проследено со носење одлука)
- Процесите за аплицирање и овластување за ОЕО се целосно електронски
- Се применуваат повисоки стандарди за одобрување статус на ОЕО, осигурувајќи еднаков третман на економските оператори
- Откако ќе се одобри овластување за ОЕОЦ, станува полесно да се пристапува до царинските поедноставувања, со што во голема мера се намалуваат административните оптоварувања
- Користењето на Царинскиот портал за трговци на ЕУ за ОЕО овозможува аплицирање за ОЕО и управување со апликации и одлуки за ОЕО преку единствен интерфејс хармонизиран ширум ЕУ

*Запомнете, ова се кратки заклучоци за најважните информации од курсот. Само законодавството на Европската Унија објавено во хартиена верзија во Службен весник на Европската Унија се смета автентично. Европската Комисија не прифаќа никаква одговорност или барање за надомест на штета во поглед на оваа обука.*